*ОУ „Јан Амос Коменски,,*

# *С Т О П   З А   К О Р У П Ц И Ј А Т А*

## Мито и корупција

**Прва сцена: ( Човек во своите средни години (бизнисмен), облечен во одело стои пред еден ресторан и чека некого)**

**Бизнисмен: Зарем никој во овој век, не доаѓа на време? ( Гледа во часовникот)**

**( Му се приближува новинар кој во своите раце носи диктафон и папка со документи).**

**Новинарот:  Се извинувам што доцнам. Во денешно време не е лесно да си новинар. Насекаде има вест која мора да ја зграбиш прв. ( се ракуваа)**

**Бизнисмен: Во ред. Јас сепак се исплашив дека нема да дојдете.**

**Новинар: Не, ваква вест никогаш не се пропушта. Повелете, да влеземе.**

**( Влегуваат во ресторанот)**

**Бизнисмен: Ајде, да седнеме овде потивко е. (седнуваат)**

**(Им приоѓа еден келнер)**

**Келнер: Што ќе пиете?**

**Бизнисмен: Јас ќе земам едно црно кафе.**

**Новинар: За мене една чаша вода.**

**Келнер: А, за јадење?**

**Бизнисмен: Подоцна ќе нарачаме.**

**(Келнерот си оди).**

Новинар: Дали ќе ви смета ако го снимам разговорот? ( го покажува диктафонот).

Бизнисмен: Не слободно.

Новинар: Епа, да почнеме. Кажете ми што се случи?
Бизнисмен: Пред еден месец……

Втора сцена: ( Синот на бизнисменот седи на двосед и гледа телевизија.)

( Вратата од станот се отвора. Влегува бизнисменот)

Бизнисмен: Еве сум стигнав.

Синот: Ок. Ене мама остави јадење за тебе.

Бизнисменот: Јадев надвор. ( го гледа синот). А ти не би требало да учиш или да си на предавања. Слушам за две недели имаш испит.

Синот: Знам. Учев до сега. Но, ќе видиш пак ќе паднам на испитот. Наставникот по тој предмет не ме сака. Еднаш му ги одговорив сите прашања и тоа точно и пак ме бутна на испитот.

Бизнисмен: ( седнува до синот). Па, не се жалеше некаде?

Синот: Бев, но не ги прифаќаа моите молби. Незнам зошто но се почесто и почесто размислувам да се отпишам од овој факултет и да се запишам на некој друг.

Бизнисмен: Јас мислам дека сепак треба да продолжиш на овј факултет.

( Ѕвони телефонот)

Бизнисмен: Ало.

Професор: Ало. Овде е професорот на вашиот син на факултетот. Дали би можеле да дојдете утре да поразговараме за вашиот син?

Бизнисмен: Во ред. Кое време да дојдам.

Професор: Дојдете околу 11 часот. Тогаш имам пауза.

Бизнисмен: Добро. Пријатно

Професор: Пријатно.

Бизнисмен: ( му се обраќа на синот). Твојот професор на факултет ме повика утре да го посетам да зборуваме за тебе.

Синот: Ме интересира за што ќе зборувате.

Трета сцена: ( Кабинетот на професорот. Професорот стои и го чека бизнисменот).

Бизнисмен: Добар ден. Ме повикавте да дојдам во врска со син ми).

Професор: Вистина е. Вашиот син има многу голем капацитет и би било штета да не напредува. Се труди, се труди но сепак не може да ги положи испитите.

Бизнисмен: Баш, вчера зборував со син ми и ми рече дека еднаш одговорил точно на сите прашања од испитот, но вие сепак сте му рекле дека не положил. Зошто?

Професор: Тоа не е вистина. Јас сум чесна личност. Јас тоа никогаш не би го направил. Како што претходно реков, вашиот син има голем капацитет и би сакал да му помогнам да успее низ годината ако ми дозволите.

Бизнисмен: Што сакате да кажете?

Професор: Па, ако би сакала да ми платите 1000 евра, јас би ви ветил дека син ви до крај на неговото студирање ќе има 10-ки.

Бизнисмен: ( Почнува да вика). Молам? На што личи ова? Како не ви е срам? И вие сте биле чесен човек? Да ми барате мито. Нема да дозволам тоа да се случи.

Професор: ( нервозен)  Не, господине. Јас не мислев ништо такво. Само сакав да понудам помош на вашиот син. Но, ако не сакате можете слободно да го заборавите нашиов разговор.

( Влегуваат  други наставници и деканот на факултетот)
професори и деканот: Што се случува ?

Бизнисмен: Како што се случува? Вашиот професор ми бара пари за да може мојот син да ги положи испитите кај него. Ова е апсурд. Како може факултет како вашиот да го дозволи тоа?

професори и деканот: Молам???

Професор: Не е вистина, лаже. Јас само го повикав да му ја соопштам состојбата на неговиот син.

Бизнисмен: Што  е ова? Па, уште и се лаже? Сакам  веднаш да се спроведе истрага околу ова или ќе го тужам целиот факултет.

професори и деканот: Во ред. Уште во овој момент ќе започнеме со истрага. Професоре , дојде со мене во канцеларија.

Професор: Јас, зошто, што направив……..

Четврта сцена: ( Се враќаме на новинарот и бизнисменот)

Новинар: И што се случи подоцна?/

Бизнисмен: Ништо. Откако спроведоа истрага, пронајдоа дека професорот земал мито и од други родители и го затворија.

Новинар: А вашиот син? Што е со него?

Бизнисмен: Син ми се отпиша од тој факултет и замина на друг. Иако професорот одите во затвор јас сепак немав доверба во факултетот , а и мојот син самиот сакаше да се отпише.

Новинар: Епа, тоа ќе биде тоа. Ви благодарам што ме контактиравте и ми ја кажавте вашата приказна. Ова сигурно ќе помине во борбата против митото и корупцијата.

Бизнисмен: Мило ми е што можев да помогнам. А, и исто така би сакал да бидам пример за другите. Сакам да им покажам како треба да постапат ако се најдат  во ваква ситуација.

Новинар и бизнисмен ( стануваат)

Бизнисмен: Пријатно.
Новинар: Пријатно.

сите: НЕ СЕЧИ ЈА ГРАНКАТА НА КОЈА СЕДИШ

САКАМЕ ПОДОБРА ИДНИНА СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА

Изработил: Ида Куциноска ОУ,,Јан Амос Коменски,,